Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, за интервенција врз зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши отстранување на урбано зеленило (јавно зеленило) на дрво ( чемпрес) на **ул. ''Даме Груев''  – Скопје**
2. Отстранувањето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Отстранувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП  "Паркови и зеленило" - Скопје.
4. Се обврзува, ЈП  "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 7 дена  по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење  на 1 дрво постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено отстранувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација на ден **10.05.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвото е потполно суво и постои потенцијална опасност од паѓање  и причинување на материјална или друга штета.
Согласно член 8 односно член 9 од  Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Согласно член 36 од горе наведениот закон  со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото е во состојба што треба да се отстрани и при тоа е одлучено наместо отстранетото дрво да се засади нов садник на парцела каде што е извршено отстранувањето.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**11.05.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-Сл**/2 од 11.05.2023 на ул. Даме Груев донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-Сл**/2 од 11.05.2023 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по службена должност овој орган, има направено увид на ден **10.05.2023** година. При увидот е утврдено дека дрвото е суво и постои потенцијална опасност од паѓање и причинување на материјална или друга штета.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од, отстранување на 1 дрво (чемпрес), бидејќи истото е суво и претставува потенцијална опасност за што постои јавен интерес и наместо него да се засади ново дрво, за што исто така постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-Сл/3**
**11.05.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

________________________